СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

# Платформа Црна Гора

## Информации за стопанската соработка меѓу Република Македонија и Република Црна Гора

Јули 2012 година

## Правната рамка во која се одвива стопанската соработка меѓу Република Македонија и Република Црна Гора

### *Мултилатерално ниво*

**ЦЕФТА 2006** мултилатерален договор за слободна трговија, кон кој пристапиле царинските територии на Република Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Република Хрватска, Република Македонија, Молдова, Република Србија и Унмник/Косово. ЦЕФТА 2006 е инструмент со кој, регинот, преку неговата примена практицира функционирање на регионалниот пазар по принципите на единствениот пазар на ЕУ.

**Обем на трговската размена на Република Македонија со Република Црна Гора во периодот 01-04.2012 година**

во САД$

| Извоз | | Увоз | | Вкупно | Биланс |
|---|---|---|---|---|---|
| количина во кг | сума во УСА$ | количина во кг | сума во УСА$ | сума во УСА$ | сума во УСА$ |
| 10.269.073,00 | 8.913.516,00 | 1.121.500,00 | 502.198,00 | 8.411.318,00 | + 8.411.318,00 |

Надворешно-трговска размена на Република Македонија со Црна Гора во првите четири месеци до 2012 година достигна вредност од 8,4 милиони САД$. При тоа, остварен е извоз во вредност од 8,9 милиони САД$, додека увозното салдо изнесува 502 иљјади САД$.

## Трговска размена на

## Република Македонија и Република Црна Гора 2011/2010

Во САД$

| Вкупна размена | | | Извоз | | | Увоз | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | 2011 | Индекс | 2010 | 2011 | Индекс | 2010 | 2011 | Индекс |
| 28.873.598 | 36.380.007 | 126,0 | 27.435.015 | 34.240.323 | 125,9 | 1.438.583 | 2.139.684 | 148,7 |

Компаративните статистички анализи покажуваат дека обемот на стоковната размена со Црна Гора во 2011 година која изнесува 36,4 милиони САД$ оствари раст од 26 %, во споредба со обемот на

размената во 2010 година. Извозот од 34,2 милиони САД$ е зголемен за 25,9%, а увозот од 2,1 милиони САД$оствари раст од 48,7%.

Во однос на структурата на производите, во 2011 година, во **извозот** најголемо учество имаат:

- **Земјоделски и прехрамбени производи** во износ од 13 милиони САД$,
- **Обоена и црна металургија** (вклучително и производи од железо и челик) – 3,6 милиони САД$,
- **Лекови и козметика** – 3,6 милиони САД$

**Во увозното салдо најголемо учество имаат :**

- **Земјоделски и прехрамбени производи** во износ од 749 иљади САД$, лекови и дрво во помала вредност